Ели Луческа

398.3(=163.3)

КАКО СЕ ГРАДЕЛ КУЛТОТ НА СВЕТИ ЃОРЃИ ВО НАРОДНАТА ТРАДИЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ

Во трудот се прави обид да се откријат и анализираат паганските претстави врз коишто се градел народниот лик и култ на христијанскиот светец Ѓорѓи во македонската народна традиција.

Еден од најпопуларните христијански култови во широките источноевропски, балкански и средноевропски простори е култот на св. Ѓорѓи. Тој возникнува и се распространува од источната христијанска хемисфера во текот на IV и V век, па преку Византија се проширува во Рим, а подоцна со голем интензитет се шири и на запад.[1]

Најстарата хагиографија за овој светец потекнува од V век.[2] Според неа, тој е роден во Кападокија во Мала Азија, но животот го поминува во Палестина, каде што поради својата храброст, достигнува висока служба во римската војска, добива чин трибун, а подоцна императорот Диоклецијан (284-305 г.) го поставува за член на државниот совет. Но како голем борец за христијанството, за време на императорските прогони на христијаните, најсурово е мачен и умира со отсекување на главата во 303 година. Маченичката смрт, по признавањето на христијанството како рамноправна религија, го ставила во ист ред со другите светци од војнички сталеж, какви што биле св. Теодор Тирон, св. Теодор Стратилат, св. Димитрија Солунски и други, коишто заедно биле прогласени за небесни покровители на воините и војските што се бореле за Христовата вера.[3] Имено, во Византија св. Ѓорѓи е прогласен за покровител на војничката аристократија, во словенските земји - на кнезовите, а во Западна Европа - на рицарите.[4]

Освен со неговата претстава како војник, победоносецот св. Ѓорѓи е познат кај сите словенски народи и со неговата улога на змејоборец. Според

---

[1] J. Swastek, *Sw. Jerzy Kapadocki i jego kult we wschodniej części Sesarstwa Rzymskiego w okresie starozytnośici chrześ cijańskiej*, Collogium Salutis, 1970, 131-141.

[2] В. Антиќ, *Свети Ѓорѓи и народната традиција*, Народно стваралаштво, 37-38, 1971, 78-83.

[3] *Житија светих*, Свети архиерејски синод Српске православне цркве, Београд, 1961, 307-308.

[4] *Мифы народов мира*, Энциклопедия I, Москва, 1987, 273-275.

легендата, која во црковната литература влегла најдоцна до XII век[5], светецот е повикан да ја спаси царската ќерка во *лута* битка со змејот, кој го чувал езерото што се наоѓало во близина на неговиот гроб. Смртно прободен од копјето на светецот (во други варијанти на легендата му ја пресекува главата со сабјата), змејот е завржан со појасот на девојката и изгорен.[6]

Борбата на св. Ѓорѓи со змејот се среќава и во обредно-календарските песни на Македонците. Во нив се пее како светецот учествува во двобој со чудовиштето - змеј, змев, ала, аждаја, аждер, ламја кое се заканува со нарушување на воспоставениот ред - преку суши или поплави. Како надомест бара човечка жртва, најчесто млада девојка, која претставува симболична замена на космогониската жртва, т.е. таа е во функција на симболичното обновување на природата. Во примерот што следи, во почетните стихови, се објаснува мотивот за појавата на хаосот, односно водното пространство во кое е инкарнирано злото: стопанот - *сура ламја мршоједна*:

Троемски Христјани они безверници,
Не веруваат вистински господа
Јисуса Христоса

Водното чудовиште, како услов за одржување на редот во Универзумот, бара жртва:

На стопанот сечеа таин да дават
На ден по една малка мома.

Оваа ситуација експлицитно бара формирање на некаков јунак кој ќе се бори против чудовиштето и повторно ќе го воспостави поредокот, т.е. космосот. Во улога на противник на змејот се појавува:

...личен свети Георги,
...На идиц се качи,
Та зеде маздрак в десна р`ка
Се пушти по Ламиа,
...Га ободе во клето грло.[7]

Двобојот, кој завршува со чинот на убивање на ламјата од страна на *магебсник* Ѓорѓи, всушност е симболично реинтерпретирање на обновата на Светот, затоа што преку повраќањето од устата на чудовиштето, се спасуваат

---

[5] В. Флорец, *Свети Ѓорѓи во народната традиција на словенските народи*, Македонски фолклор, 12, Институт за фолклор, 1973, 87-92; В. Антиќ, Од средновековната книжевност, Македонска книга, Скопје, 1976, 128-147.

[6] *Жития на светиите*, София, 1991, 204-209.

[7] *Зборник Миладиновци* 1861-1961, Ред. Димитар Митрев, Кирил Пенушлиски и Александар Спасов, Кочо Рацин, Скопје, 1962, бр. 31.

сите жртви од нејзината утроба, и мртвите и живите, а по настанот безверните жители повторно се враќаат на вистинската вера - христијанската.

Варијантноста на овој митско-ритуален мотив во обредните песни е доста распространета.[8] За нас е интересна варијантата во која, откако св. Ѓорѓи го распарчува телото на *сурата ламја*, потекуваат три реки: бела пченица, рујно вино, руди јагниња:

Кинисал ми сам свети Ѓорѓија,
кинисал ми на ден, на Ѓурѓоен,
кинисал ми на потка да одит,
да запотнит нивје и ливаѓе.
Кога беше среде поле широко,
го сусрете она суро ламја,
тој е извај него остра сабја,
е пресече она сура ламја.
Потекоа три силни порои:
први пороj се бела пченица,
други пороj она рујно вино,
треќи пороj се руди јагниња.[9]

Протекувањето на водите на плодноста, ослободени од светецот, преку убиството на ламјата, е речиси непроменето во однос на древната митска матрица каде што секогаш истекувањето на реките се случува по убиството на змејовидниот противник на древните громовници Индра, Зевс, Тор, Перун и другите.[10] За тоа говори и народното предание од с. Злести:

- *Овдека било море, нашево место. Било море и се наврtела некоја ламја и св. Ѓорѓија ја грабнал ламјата, удри, таја дупи, дупи и ја пропуштила Сатеска овде да ојт, морето да истечит, таму да заминит... Тој свети Ѓорѓија јунак, ја пуштил таја да го дупнит овој ридов - ламјата. И истекла водата.*[11]

Овој општораширен лик на св. Ѓорѓи на борец против ламји/змејови го претставува светецот како симбол на храброста и смелоста, а самиот подвиг, убивањето на подземното чудовиште, го идентификува не само со громовниците

[8] Види: К. Шапкарев, *Избрани дела*, 1, Приредил д-р Томе Саздов, Мисла, Скопје, 1976, бр. 11; Зборник Миладиновци, нав. дело, бр. 11, 38.

[9] Н. Целакоски, *Дебарца, обреди, магии и обредни песни*, Студентски збор, Скопје, 1984, 199-200.

[10] С. Зоговиќ, *Општеството и народната култура на Македонија во раниот среден век*, Институт за старословенска култура, Прилеп, 2002, 126-127.

[11] Т. Вражиновски, *Народна митологија на Македонците*, книга 1, Институт за старословенска култура, Матица Македонска, Прилеп-Скопје, 1989, бр. 408.

туку и со боговите-демијурзи (Мардук, Аполон, Ра, понекогаш Јахве) и со хероите (Гилгамеш, Белерофонт, Персеј, Зигфрид).[12]

Необично раширениот мотив за јунакот св. Ѓорѓи и ламјата, силно одразен во народното творештво, придонесува тој да биде постојано актуелен. Специјално внимание заслужува христијанизацијата во фолклорните сижеа, каде што во одделни случаи хтоничното суштество - змејот или ламјата е заменето со *сатаната*, девојката којашто треба да се жртвува не е обична царска ќерка туку *Бела Марија - ќерка на Костадина* и каде што борбата со демонското суштество завршува со покрстување, односно јунакот св. Ѓорѓи за награда од христијанскиот цар добива едно *руво велигденско*.[13]

Исто така, раширениот мотив придонесува и ликот на св. Ѓорѓи да биде преземен од друг светец, како на пр. св. Илија, св. Јован или од друг јунак.[14] Во оваа насока особено интересен е обидот за издигањето на Крал Марко во култ и неговото обединување со христијанскиот култ на св. Ѓорѓи. Кон тоа нé насочуваат велигденските песни во кои се пее како Крал Марко служи служба на св. Ѓорѓи:

Служи Марко ден свети Ѓорѓија,
ми поканил гости пријатели...[15]

или

Праил Марко голем панаѓур,
што ми праил до трине радости...
трета радост служба Светиј Георгиа.[16]

Потврда за тоа наоѓаме и во преданието од с. Самуилово, Петричко, во кое се споменува дека денот по Ѓурѓовден, во с. Долјане, е познат како Марковден, кога се коли курбан во селото, се раздава и се обиколуваат Марковите чешми.[17] Тоа го потврдува и митолошкиот слој на епскиот циклус за Кралот Марко, каде тој е опеан како јунак кој ја убива ламјата за да го спаси

---

[12] Л. Лафазановска-Стојановиќ, *Танатолошкиот правзор на животот*, Институт за фолклор, Скопје, 1996, 36-37.

[13] Д. Миланов-Ристески, *Светците во народните песни во Мариово*, Македонски фолклор, 48, Институт за фолклор, Скопје, 1991, фус. бр. 12.

[14] Н. Целаковски, нав. дело, 110.

[15] Т. Бицевски, *Македонски народни песни од Драмско*, Институт за фолклор, Скопје, 1995, бр. 81.

[16] В. Икономов, *Зборник од старонародни умотворби од Дебарско, Кичевско, и Охридско*, Старонародни песни и обичаи од Западна Македонија, Ред. д-р Кирил Пенушлиски, д-р Блаже Ристовски и д-р Блаже Петровски, Институт за фолклор, Скопје, 1988, бр. 267.

[17] Р. Иванова, *Епос, обред, мит*, Академично издателство „Проф. Марин Дринов", София, 1995, 73, фус. 43.

своето машко дете[18] или како со сабјата ја распарчува Вида самовила која ги заклучила изворите во гората.[19] Несомнено, обединувањето на двата култа се оснива на претставата за јунакот Марко и за св. Ѓорѓи како дарители на водата, со таа разлика што св. Ѓорѓи дарува и плодородие.

Црквата за спомен на светиот великомаченик го избрала денот 6.5. н.ст./23.4 ст.ст. Календарското место и културно-историските пластови врз ликот на светецот од војник и змејоборец го доведуваат до симбол на сонцето и на огнот. Празникот во чест на св. Ѓорѓи Победоносец во народната традиција е познат под името Ѓурѓовден и претставува почеток на летото и на сточарската година, кога стадата се враќаат во бачилата на планините.

Во народниот календар како противтежа на Ѓурѓовден се јавува Митровден, односно празникот во чест на св. Димитрија (8.11 н.ст./26.10 ст.ст.), кој претставува завршеток на летото и на сточарската година. Ова двојно делење на годината со посредство на посочените празници е исклучително древно и е сврзано со сточарството како првостепена стопанска дејност. Со Ѓурѓовден настапува летната сезона и стопаните собираат сила за претстојната најактивна земјоделска и сточарска сезона. Тогаш се најмуваат овчарите, говедарите, воловарите, полјаците и сл., кои се ослободуваат на Митровден, во почетокот на зимата. Значи со посредство на празниците во чест на св. Ѓорѓи и на св. Димитрија календарското време се организира во близначен модел во две симтерични, самостојни и затворени полугодија: пролетно-летно и есенско-зимно. Поради тоа, по установувањето на нивните празници во црковниот календар, светците стануваат браќа близнаци.[20]

Ѓурѓовден е денот кога природата е конечно возобновена и разбудена и ја означува крајната победа на летото над зимата и почетокот на засилената аграрана и сточарска дејност. Култот спрема св. Ѓорѓи, сместен во таков календарски момент, нè одведува кон голем број обредни практики, наследени од древен пагански празник, поврзани со сточарството и со земјоделството. Всушност Ѓурѓовден е последниот во комплексот од празници, сврзани со пресретнувањето на пролетно-летната сезона. Негов подвижен еквивалент е Велигден, кој иако од официјалната христијанска црква се слави како најголем празник, сепак во народната традиција тој го достигнува својот врв на

---

[18] К. Шапкарев, нав. дело, бр. 7.

[19] Истиот, бр. 8; Варијанта на песната види кај Р. Лоноски-Огњановиќ, *Галичник и Мијаците*, Приредиле: Оливера Јашар-Настева, Тодор Димитриовски, МАНУ, Фондација Трифун Костоски, Скопје, 2004, бр. 87.

[20] За ова повеќе види кај Е. Милошеска, *Култот на светците во народната традиција на Македонците*, Докторска дисертација, ракопис, 2008, 192-194.

Ѓурѓовден.[21] За тоа говорат и големиот број на обредно-календарски песни во кои празниците Велигден и Ѓурѓовден се претставени како браќа кои се натпреваруваат меѓу себе кој донесол поубаво. Во натпреварот секогаш победува Ѓурѓовден:

Два орли се бије горе на небето.
Не ми биле орли, тук ми биле браќа,
тук ми биле браќа - Велигден и Ѓурѓовден.
Велигден му вели, вели и говори:
- Јас полепо носе, луѓе променени,
луѓе променени со црвени јајца.
Ѓурѓовден му вели, вели и говори:
- Јас полепо носам со јајца шарени,
Нивјето класени, междите цутени.[22]

Понекогаш во нивна придружба се наоѓа и нивниот *брат* св. Атанас, на кого Ѓурѓовден му вели:

Пули Боже, пули, јаска шо донесу...
тревје до колена, нивје до рамена,
нивје до рамена, све руди јагнишча.[23]

Значи, култот на светецот се поврзува со изобилството по нивите и ливадите и со плодноста и здравјето на добитокот. Потврда за ова се многубројните обичајно-обредни и магиски дејствија кои започнуваат вечерта спроти празникот, со берење на лековити билки, тревки, полски цвеќиња и гранчиња од плодни дрвја[24], кога се пеат и обредни ѓурѓовденски песни:

---

[21] Како што вели информаторот Диме Смугрески од с. Обршани: *Ѓурѓеен сме го славеле поарно и од Велигден, голема радост, весеље на пролетта*, АВНОХ, К-12/03: Снимила Ели Милошеска во с. Обршани. Информатор Диме Смугрески, роден 1931 г. во с. Обршани, живее во с. Обршани.

[22] Т. Бицевски, нав. дело, бр. 30.

[23] Т. Каличанин, *Песните на македонските иселеници во Канада и САД*, Институт за фолклор, Скопје, 1998, бр. 33; Варијанти со истиот мотив види: Т. Бицевски, нав. дело, бр. 28, 29; Истиот, *Македонски народни песни од Костурско*, Институт за фолклор, Скопје, 1999, бр. 86-89; Т. Каличанин, нав. дело, бр. 32; Ђ. Кисељиновић, *Народне умотворевине*, Споменица дваесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије, 1912-1937, Уредник Алекса Јовановић, Скопље, 1937, 869.

[24] За ѓурѓовденските обичаи види: Ј. Обрембски, *Фолклорни и етнографски материјали од Пореч*е, I, Ред. Танас Вражиновски, Институт за старословенска култура, Матица Македонска, Прилеп-Скоје, 2001, 132-134; С. Тановић, *Живот и обичаји народни*, Српски етнографски зборник, XL, Српска краљевска академија, Београд-Земун, 1927, 64-70; Филиповић С. Миленко, *Обичаји и веровања у Скопској котлини*, Српски етнографски зборник LIV, Српска краљевска академија, Београд, 1939, 396-400; З.

Ни прела гора ни ткала,
са` зима болна лежала,
кога ми дојде Ѓурѓовден,
сама си гора облекла,
зелена саја до појас,
срмени елек до земи.[25]

Со набраното зеленило се китат портите и праговите на домовите, амбарите, објектите наменети за стоката, се плетат венци кои се ставаат на котлите за млеко и се врзуваат на роговите на стоката за заштита од болести и маѓесници, од змии и волци и сл. Утрото, на празникот, на големи зелени дрвја се врзуваат нишалки, на кои се изведува обредно нишање на младите и децата, а сè со една цел - пренесување по магиски пат на животворната сила на природата од растителниот свет врз здравјето на луѓето. Тоа говори за поврзаноста на култот на св. Ѓорѓи со здравјето, љубовта и бракот на луѓето, што особено доаѓа до израз преку пеењето на ѓурѓовденските припевки, но и љубовните песни, проткаени со длабок лиризам.

Празничната трпеза на Ѓурѓовден е општоселска и секогаш е надвор, на зелено. Тогаш се јаде и курбанот, т.н. ѓурѓовденско јагне за кое се внимава да биде машко, а во некои села задолжително првото објагнето машко јагне. Се коли надвор од селото, покрај култните објекти: камења, крстови, вековити дрвја или манастири кои го носат името на светецот. Доколку, пак, се коли како завет за болен или избегната несреќа, местото на жртвопринесувањето е најчесто прагот од куќата.

Принесувањето на жртва на св. Ѓорѓи е широкораспространета практика во народната традиција на Македонците. За тоа говорат и зачуваните религиозно-легендарни балади во кои светецот бара задолжителен курбан - јагне. Но, доколку домаќинот нема јагне, тогаш е спремен да го жртвува сопственото, а во некои случаи и единственото, машко дете - мотив типолошки близок до

Делиниколова, *Обичаи сврзани со поедини празници и неделни дни во Радовиш*, Гласник на етнолошкиот музеј, 1, Музеј на Македонија, Скопје, 1960, 163-167; Н. Целакоски, нав. дело, 188-200; Р. Дражева, *Календарни празници и обичаи*, Пиринский край, БАН, София, 1980, 444-448; В. Петреска, *Пролетните обичаи, обреди и верувања кај Мијаците*, Институт за фолклор, Скопје, 1998, 68-84; Р. Огњановиќ-Лоноски, нав. дело, 152-153; Е. Милошеска, *Традиционалната култура во општина Кривогаштани*, Кривогаштани, 2003, 181-187; Д. Георгиевски, *Ѓурѓовденските обичаи во Кратовско-кумановскиот крај*, Музејски гласник 7-9, Народен музеј, Куманово, 2002, 213-221; Т. Вражиновски, нав. дело, бр. 310-319, 324; З. Малинов, Традицискиот народен календар на Шопско-брегалничката етнографска целина, Институт за фолклор, Скопје, 2006, 167-182.

[25] Н. Целакоски, нав. дело, 195.

библиската приказна за *Аврамовата жртва* и до Еврипидовите антички трагедии *Ифигенија на Таурида* и *Ифигенија во Аулида*, кои се темелат врз прастариот пагански обичај на принесување на човечки жртви, подоцна заменети со животински.[26] Во семејна балада од Кукушко се пее како на убав ден Ѓурѓовден сите ќе колат јагниња, а сиромавиот Андреја за жртва ќе го принесе неговиот син Иванчо. На мошне потресен начин се опишува болката на таткото и невината загриженост на детето кое ја прашува мајка си зошто неговиот татко плаче, се шета по дворот и ги точи острите ножеви. Мајката му одговара дека е тоа поради него, зашто мора да даде жртва на светецот. На тоа Иванчо се моли барем уште еднаш да се прошета со неговите другари, но:

Додека Иванчо изрече,
татко му глава одрежа,
и го јуведе в`в фурна,
Иванчо да се испече,
за свети Ѓорѓи за курбан.

Иако Андреј и наредува на сопругата Величка да не ја отвара фурната додека се испече нивниот син Иванчо, сепак жалосното срце на мајката не издржува и отварајќи ја вратата го гледа Иванчо:

Иванчо на стол седеше,
Бела си книга читаше.[27]

И како што во Библијата Јахве го спасува Исак, а во античките трагедии Артемида ја спасува Ифигенија, така и во нашата балада Иванчо чудотворно оживува поради татковата вера и пожртвуваност, односно одданост на св. Ѓорѓи. Освен тоа, основниот мотив во песната нѐ одведува и кон древната традиција за жртва на првороденото дете, одглас кој се среќава во Библијата: *Посвети ми го секое првородено, кое ја отвора секоја утроба меѓу синовите Израилеви: и од луѓето, и од добитокот. Тие мене ми припаѓаат.*[28] Како вторична врска на мотивот во баладата со библискиот текст неопходно е да се одбележи и чудотворното оживување на детето, што всушност е порака дека не треба да се жртвува дете туку јагне.[29] Оваа порака честопати се среќава во Библијата, каде

[26] J. Janićijević, *U znaku Moloha, antropološki ogled o žrtvovanju*, Vajat, Beograd, 1986, 31-35.

[27] Т. Бицевски, *Македонски народни песни од Кукушко*, Институт за фолклор, Скопје, 1989, бр. 91. Варијанта на песната види и кај Целакоски Н., нав.дело, 293.

[28] *Свето Писмо (Библија)*, Второ издание, Британско и иностранo библиско друштво – Свидон, Македонска книга, 1991,: 2. Мој. 13: 2.

[29] Д. Маринова-Димитрова, *Мотивът за змееборството в Марковия епос и в старославянската апокрифна традиция*, Кралот Марко во историјата и во традицијата, Прилози од научниот собир одржан по повод 600-годишнината од смртта на Кралот

што се укажува дека првороденият син не се отткупува туку се заменува со едногодишно јагне, гулапче или грлица, теле, две грлици или две гулапчиња.[30]

Во јуначката песна *Грешниот Станко Дук* од с. Броди, Серско, исто така, го среќаваме мотивот на човечка жртва за Ѓурѓовден. За разлика од претходната балада во која Андреј е целосно посветен на вековните традиции и почит кон св. Ѓорѓи, овде тоа не е случај. Станко Дук по девет години служење служба на *Ѓурѓов ден*, одлучил повеќе да не му оддава почит на светецот. Поради таа негова одлука мајката го проколнува: девет години снагата да му изгние, така што од неа да никне трева по која ќе лазат змии, а во главата да му се пилат пилци, но сепак душата да не ја испушта. Мајкината клетва се исполнува, а за тоа слуша дури игуменот во манастирот во Света Гора, кој го повикува кај себе грешниот јунак Станко. Но, молитвите на калуѓерите не само што не помагаат туку дури и целиот сакрален христијански простор на Света Гора е пред голема опасност да потоне во Белото Море. Поради тоа игуменот наредува да му врзат *бела камен за шијата на врата* и да го фрлат во *Бело Море,* со надеж дека Света Гора ќе биде спасена. Но, ни морето не сакало да го прими грешниот јунак сè додека манастирите не направиле *игрипине* (бдеење):

тога го е Бело Море
приело го студна вода,
загуби се низ морето.[31]

Сличен мотив среќаваме и во јуначката песна *Крале Марко и три светци*, каде св. Илија, св. Никола и св. Ѓорѓи за да му го вратат машкото дете бараат:

кога дојде свети Георги,
да му послужиш на дане му;
кога дојде свети Никола,
да собереш малки деца,
да ги учиш бела книга;
кога дојде свет Илија,
на дане му курбан заколи.[32]

За непрекинатото одржување на обичајот - жртвување на Ѓурѓовден и силната верба дека светецот може да лекува и избавува од секакви несреќи, говорат и обичајно-обредните практики кои и до денес се извршуваат на

Марко, Прилеп 23-25 јуни 1995, Институт за старословенска култура, Прилеп, 1997, 229, фус. 14.

[30] Свето писмо, нав. дело, 2. Мој. 34: 19, 20.; 3. Мој. 12: 6; 4. Мој. 8: 8; Лука 2: 24.

[31] С. Верковиќ, *Македонски народни умотворби*, 3, Подготвил и редактирал Кирил Пенушлиски, Македонска книга, Скопје, 1985, бр. 9.

[32] Истиот, бр. 25.

културните места посветени на светецот. Со таква посебна чудотворна сила и моќ се издвојува широкопознатиот Говедаров камен во близина на с. Пеширово.[33]

Континуитетот и распространетоста на мотивот на жртвувањето во фолклорната митолошка религија и во народната традиција го докажуваат значењето на жртвените обичаи, односно верувањето дека со жртвувањето можат да се омилостиват природните сили и нивните господари - древните божества и наследниците - христијанските светци и на тој начин да се обезбеди човековиот опстанок во космосот спроти хаосот. Со оглед на фактот што Ѓурѓовден е денот кој го одбележува почетокот на летото и почетокот на најактивната земјоделско-сточарска сезона, тогаш станува сосема јасно зошто точно за овој ден е задолжителен курбанот - жртва: да се омилостиви светецот - господар на плодноста, стоката, атмосферските појави - росата, дождот, градот и громот за да штити од природните непогоди и болести и за да дарува голем бериќет по нивите, приплод и млечност по стоката и здравје и љубов кај луѓето.

Освен обредниот ручек и народните игри и ора, за Ѓурѓовден е карактеристична и обредната обиколка на полињата и нивите каде што се закопува велигденското јајце. Притоа се пеат обредни ѓурѓовденски песни кои за разлика од останатите песни во народниот календар, се најсилно поврзани со плодноста:

Рано рани свети Герги
Рано рани на Герѓовден;
Оседла си добра коња
Да биде в рет овчере.
Јагнета сја изегниле,
Говеда са истелиле;
Сјака крава теле води,
Па отиде в ливадите;
Ливадите трева немат,
Зимниците измрзнале,
Летниците излипсале...
Та удари ситна роса...
Зимниците искласили,
Летниците вретенили
Ливадите кон не гази.[34]

---

[33] Т. Вражиновски, нав. дело, 190-194.

[34] Зборник Миладиновци, нав. дело, бр. 42; Варијанти на песните види: К. Църнушанов, *Български народни песни от Македония*, БАН, София, 1989, бр. 62, 63; *Македонски народни умотворби од Разлошко, Пиринска Македонија*, Подготвиле Лазо Каровски,

Плодноста од своја страна, пак, е тесно поврзана со влагата и со севкупната исконска вода којашто учествува во оплодувањето на земјата. Поради тоа, во исполнуваните молитвени ѓурѓовденски песни со мотив *Делба на светци*, св. Ѓорѓи од *сестра си* св. Марија добива дел од космичкиот простор - господар на летната роса:

...она им е делба разделила,
на Илија - грмене, трескане,
ја на Георги пролетната роса,
на Никола зимните ледове,
на Марија дребните отворе.[35]

Сижето во песните, кое се оденсува на обредното одење по полињата, односно опколување на летните и зимните посеви, дава за право да констатираме дека тие претставуваат дел од некогашните прастари обичаи за плодност каде што, како што заклучува С. Зоговиќ,[36] плодоносниот ѻд по полињата, некогаш на древните богови, а подоцна на нивните заменици - светците, се одвива според земјоделскиот календар, кој го следи истовремено и животворниот круг на годината, а кој завршува со обилна плодност. Потврда за оваа теза се и календарските, најчесто велигденски песни, во кои *одот* на плодоносните празници во текот на годината е многу јасно нагласен преку молбата на двајца *темничари* (затвореници) кои не знаат дали е зима или лето. За таа цел, на *едно пиле шарено* му зборуваат:

Расти ми, расти шарено пиле,
ќе те пуштиме на наш виљает...
Ако е време к`де Ѓурѓоен,
да ни донесеш јагне сугаре,
ако е време к`де Петроен,
да ни донесеш два житни класа,
ако е време к`де Крстоен,
да ни донесеш два грозда грозје.[37]

Како што можеме да забележиме од изнесените ѓурѓовденски обичајно-обредни практики, култот на св. Ѓорѓи во народната традиција на Македонците

Ѓорѓи Ѓорѓиев, Ѓорѓи Поп Атанасов, Институт за фолклор, Скопје, 1992, бр. 53; Т. Бицевски, *Македонски народни песни од Серско и Демирхисарско*, Институт за фоклор, Скопје, 1997, бр. 5, 6; М. Китевски, *Црноока девојко*, Институт за македонски јазик, Скопје, 2006, бр. 29; Е. Милошеска, нав. дело, 181.

[35] К. Динчев, *Песенен фолклор*, Пиринский край, София, 1980, 511.

[36] С. Зоговиќ, нав. дело, 129-130.

[37] В. Икономов, нав. дело, бр. 107; Варијанти на песните види: Т. Бицевски, нав. дело, 1989, бр. 23а; В. Икономов, бр. 170.

освен што се гради врз неговите хагиографски претстави како христијанските воин и победник во борбата со ламјата/змејот, се гради и врз основа на избраната астрономска точка на празникот кон крајот на април, односно кон почетокот на мај, поради што светецот станува олицетворение на пролетта и временски меѓник на земјоделско-сточарскиот народен календар. Со овие свои претстави тој се доближува, или поконкретно кажано, ги наследува древните божества на растителноста и на плодородието во чија надлежност, освен стоката, спаѓале и пролетните земјоделски работи.

За развојот и за популарноста на култот на св. Ѓорѓи во Македонија, покрај средновековната книжевност и народната традиција, говорат и иконографијата, фрескоживописот и копаничарството во кои тој најчесто е прикажан како свет воин или како војвода качен на бел коњ кој со копјето ја убива ламјата. Освен тоа, голем број македонски цркви и манастири се наоѓаат под негово покровителство.

Eli Luceska

HOW WAS THE CULT OF ST. GEORGE BUILT IN THE NATIONAL TRADITION OF MACEDONIAN PEOPLE

The cult of St. George in Macedonian national tradition was built on the basis of hagiographic presentations. He appears as a Christian soldier and winner in the fight with the dragon. The cult was also built on the basis of the chosen astronomical point of the holiday, at the end of April i.e. the beginning of May, and because of that the saint became a reflection of spring and a time boundary in the agricultural national calendar. With his presentations he approaches or inherits the ancient deities of the vegetation and fertility which cover the cattle and spring agricultural works.